Предлагач: **Градоначалник**

Изготвувач: **Сектор за урбанизам,заштита на животната средина и ЛЕР**

# ПРОГРАМА

## За финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2025 година

**Ноември 2024 година**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.С.М.“ бр.32/2020) ,член 22,став 1,точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 5/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 11 од Статутот на општина Конче,

Советот на општина Конче на седницата одржана на ден 27.11.2024 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**За финансирање на изработка на урбанистички планови на општина Конче за 2025 година**

***А.*** Општина Конче секоја година има потреба од планирање и уредување на просторот во населените места во општината.

Урбанистичко планирање е континуирана работа со која се обезбедува изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови,кој треба меѓусебно да се усогласуваат и дополнуваат.Изработувањето и донесувањето на урбанистички план е задолжително за општината,бидејки се работи за планирање од јавен интерес.Со урбанистичко планирање се обезбедува рамномерен развој,рационално уредување и користење на простор,услови за хумано живеење и работа на граѓаните.Општина Конче има потреба од солиден урбанистички третман во населените места во општината.

Урбанистичкиот план е план за уредување и користење на земјиштето на потесно подрачје,како што е град,населба,село и друго подрачје предвидено за градба.Во зависност од просторот кој е предмет на планирањето во урбанистички планови спаѓаат: Генерален урбанистички план,Детален урбанистички план,Урбанистички план за село и Урбанистички план вон населено место,урбанистички проекти.

За изработување на наведените планови Советот на општина Конче донесува годишна програма која се финансира од Буџетот на општината, заинтересираните правни и физички лица и Буџетот на РСМ.

Изработување на овие планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработка на урбанистички планови.

Приоритетни планови кои треба да се утврдат со оваа програма за 2025 година се:

1. **Изработка на Урбанистички проект за инфраструктура ( локални патишта, водовод, канализација ) во должина од 20 км.**
   Носител: Совет во општина Конче.
   Финансирање:Општината,заинтересирани правни и физички лица .
   Изработувач:Правни лица со лиценца.
   **Цена: 1.500.000,00 денари**
2. **Изработка на измена и дополна на Урбанистички план за село Долни Липовиќ.**
   Носител: Совет во општина Конче.
   Финансирање:Општината,заинтересирани правни и физички лица .
   Изработувач:Правни лица со лиценца.
   **Цена: 2.000.000,00 денари**

**Урбанистички план за село**

Урбанистички план за село содржи текстуален дел и графички приказ на плански решенија,како и билансни показатели за планираните површини и градба според намената и инфраструктурата.

**Урбанистички проект за инфраструктура**

1) Урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори. Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.

***Б.*** Изготвувањето на плановите е долгорочен процес кој зависи од многу фактори и услови,затоа е неопходна нивната опфатност да биде со програмата која секоја година би се надополнувала.Исто така без подготвување и објавување на вакви програми законски е неможно донесување,обновување на урбанистичките планови,а со тоа и рационално уредување на просторот и рамномерен просторен развој.

***В.*** Реализацијата на оваа програма ќе се остварува согласно Законот за урбанистичко планирање.

***Г.*** Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во Службен гласник на општина Конче.

Број 08-1700/8
Дата 27.11.2024
Конче

Совет на општина Конче
Претседател
Александра Ристова